Друштво за вработување на инвалидни лица, издавачка дејност, производство, трговија и услуги Жељко и други
ВИНСЕНТ ГРАФИКА ДОО експорт-импорт
Бр. 0307-44
07.05 2025 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03- 5166/1
Датум:
06-05-2025

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуга – печатење на промотивни материјали

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за вработување на инвалидни лица, издавачка дејност, производство, трговија и услуги ВИНСЕНТ ГРАФИКА Жељко и други ДОО експорт импорт Скопје, со седиште на ул. „Благоја Стефковски" бр.16 Скопје, претставувано од Жељко Мариќ, управител во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е печатење на промотивни материјали, за потребите на Министерството за финансии, а по спроведената постапка за набавка од мала вредност по оглас бр.03685/2025.

Составен дел на овој договор се листата на цени (прилог 1) и техничките спецификации (прилог 2) кои се дадени како прилог кон овој договор.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Максималната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 100.000,00 денари.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност во износ од 18.000,00 денари .

Максималната вредност на договорот со пресметан ДДВ изнесува 118.000,00 денари.

Единечните цени се дадени како прилог кон договорот.

Договорниот орган нема обврска во целост да ги порача ориентационите количини и со тоа не е должен да го искористи максималниот износ од став 3 на овој член.

## III.РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

Член 3

Единечните цена и вкупната вредност од член 2 на овој договор за предметот на набавката се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Договорниот орган плаќањето за извршените услуги ќе го врши врз основа на доставена фактура за извршена услуга на адресата на Министерството за финансии, ул.„Даме Груев" бр.12 Скопје во рок од 30 (триесет) календарски денови, сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министерството.

Кон фактурата треба да биде приложена и испратница, како доказ дека услугата - предмет на договорот, е во целост реализирана.

## V. НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 5

Услугата ќе се извршува сукцесивно за период од 12 месеци согласно со потребите на договорниот орган. Извршувањето на услугите ќе се врши по претходно доставени нарачки од договорниот орган. Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача во просториите на Министерството за финансии, лоцирано на ул.Даме Груев бр.12-Скопје, во рок од 10 работни дена од денот на одобрувањето на финалниот изглед на бараните печатени материјали од страна на договорниот орган.

Предлогот од носителот на набавката ќе биде разработуван и развиван соодветно на барањата на договорниот орган се до негово финално одобрување од страна на договорниот орган.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 6

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја извршува услугата навремено и квалитетно, во се според техничките спецификации и барањата на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметната услуга кој е дефиниран во член 5 од овој Договор.

Носителот на набавката е должен веднаш по склучувањето на договорот писмено да го извести договорниот орган за лицето/лицата кое ќе настапуваат во името на носителот на набавката и ќе бидат задолжени за комуникација со договорниот орган.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 7

Договорниот орган е должен да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализација на договорот и за истите писмено да го извести носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршената услуга, во согласност со член 4 од овој договор.

## VIII. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

Договорот се склучува за времетрање од 12 (дванаесет) месеци или до негово вредносно искористување во зависност што прво ќе настане.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

### Член 10

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 12

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 14

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 15

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 16

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 17

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 18

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија<br>Министерство за финансии<br>Скопје | Друштво за вработување на инвалидни лица, издавачка дејност, производство, трговија и услуги ВИНСЕНТ ГРАФИКА Жељко и други ДОО експорт импорт<br>Скопје |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска<br>Министер за финансии | Жељко Мариќ<br>Управител |

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

Листа на цени ПРИЛОГ 1

| РБ | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Брендирани тефтери** | | | |
| | Тефтер и печатење на тефтери со лого на Министерство за финансии, и назив Сектор Академија за јавни финансии по дизајн на договорниот орган. Тефтерот да биде нотес блок со метална спирала, во црвена боја. Со печатен назив на органот, А-6 формат, минимум 1/50 листови, со линии. | парче | 1 | 35,00 |
| 2 | **Брендирани пенкала** | | | |
| | Пенкало и печатење на пенкало со назив Министерство за финансии, Сектор Академија за јавни финансии. Пенкалото да биде ролер со минимум дебелина на испис од 0,5 mm. Пенкалото да биде метално/алуминско, со тач и држач за мобилен, црвен/сребрен | парче | 1 | 99,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | **Брендирани Папки** | | | |
| | Печатење на брендирана папка со лого на Министерство за финансии и назив на Сектор Академија за јавни финансии. Папките да бидат тврди и картонски во црвена боја. Папката да биде во големина А4, картонска со ластик и со џеб. | парче | 1 | 63,00 |
| 4. | **Банери** | | | |
| | Роло банери, 85*200 цм, полиестер, алумниска, со лого на Министерство за финансии, и назив Сектор Академија за јавни финансии по дизајн на договорниот орган. | парче | 1 | 120,00 |
| 5. | **Промотивни чаши** | | | |
| | Чаши порцелански (за кафе, чај 250-300мл) и печатење на истите со лого на Министерство за финансии, и назив Сектор Академија за јавни финансии. | парче | 1 | 129,00 |
| 6. | **Брендирани кеси** | | | |
| | Брендирани кеси за подароци изработени од високо квалитетна крафт хартија со грамажа од 90-120 g/m2, бојата на кесата да биде бела димензии и лого кое ќе го обезбеди Министерството, со назив Сектор Академија за јавни финансии димензии на кесите се 33x24x9 (+-5%). | парче | 1 | 117,00 |

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ **Прилог 2**

Предмет на набавката е печатење на промотивни материјали.

По доставена порачка најповолниот понудувач, односно иден носител на набавката, доставува до договорниот орган електронска верзија на бараниот материјал во рок не подолг од 10 работни дена со цел негово разгледување и одобрување.

Предлогот од економскиот оператор ќе биде разработуван и развиван соодветно на барањата на договорниот орган, се до негово финално одобрување од страна на претставниците на договорниот орган.

Пред печатењето, носителот на набавката задолжително треба да има согласност од договорниот орган за изгледот на истиот.

Секое несовпаѓање меѓу бараниот и доставениот печатен материјал, ќе биде причина за повторно печатење на истиот согласно со техничките карактеристики и договореното, а трошокот за ова ќе падне на товар на понудувачот, односно односно иден носител на набавката.

Рокот за изработка и испорака на бараната количина е 10 работни дена од денот на одобрувањето на бараните материјали од страна на договорниот орган.

Договорниот орган нема обврска да ги порача максималните предвидени количини.

| РБ | **Опис** | **Единица мерка** | **Ориентациони Количини** |
|---|---|---|---|
| 1 | **Брендирани тефтери** | | |
| | Тефтер и печатење на тефтери со лого на Министерство за финансии, и назив Сектор Академија за јавни финансии по дизајн на договорниот орган.<br>Тефтерот да биде нотес блок со метална спирала, во црвена боја.<br>Со печатен назив на органот, А-6 формат, минимум 1/50 листови, со линии. | парче | Околу 500 при што може повеќе а може и помалку во зависност од средства |
| 2 | **Брендирани пенкала** | | |
| | Пенкало и печатење на пенкало со назив Министерство за финансии, Сектор Академија за јавни финансии.<br>Пенкалото да биде ролер со минимум дебелина на испис од 0,5 mm.<br>Пенкалото да биде метално/алуминско, со тач и држач за мобилен, црвен/сребрен. | парче | Околу 500 при што може повеќе а може и помалку во зависност од средства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | **Брендирани Папки** | | |
| | Печатење на брендирана папка со лого на Министерство за финансии и назив на Сектор Академија за јавни финансии.<br>Папките да бидат тврди и картонски во црвена боја.<br>Папката да биде во големина А4, картонска со ластик и со џеб. | парче | Околу 250 при што може повеќе а може и помалку во зависност од средства |
| 4 | **Банери** | | |
| | Роло банери, 85*200 цм, полиестер, алумниска, со лого на Министерство за финансии, и назив Сектор Академија за јавни финансии по дизајн на договорниот орган. | парче | Околу 2 при што може повеќе а може и помалку во зависност од средства |
| 5 | **Промотивни чаши** | | |
| | Чаши порцелански (за кафе, чај 250-300мл) и печатење на истите со лого на Министерство за финансии, и назив Сектор Академија за јавни финансии | парче | Околу 100 при што може повеќе а може и помалку во зависност од средства |
| 6 | **Брендирани кеси** | | |
| | Брендирани кеси за подароци изработени од високо квалитетна крафт хартија со грамажа од 90-120 g/m2, бојата на кесата да биде бела димензии и лого кое ќе го обезбеди Министерството, со назив Сектор Академија за јавни финансии димензии на кесите се 33x24x9 (+- 5%) | Парче | Околу 100 при што може повеќе а може и помалку во зависност од средства |

НАПОМЕНА:
**Носителот на набавката се обврзува предметот на набавката да го испечати во согласност со техничките карактеристики наведени во Дел ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ од Тендерската документација.**
**Доколку, порачаниот материјал не е испечатен во согласност со техничките карактеристики од техничките спецификации, носителот на набавката се обврзува да изврши повторно печатење на истите материјали, а трошоците за повторното печатење ќе паднат на товар на носителот на набавката.**

**Единечните цени во понудата ќе се користат за евалуација, а при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи во зависност од потребите на договорниот орган. Договорот ќе се склучи до вредноста на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.**